Ceresit

# FT 101

## заптива - лепи - исполнува

**Еднокомпонентна еластична заптивна маса за пополнување споеви која се стврднува во влажни услови, за внатрешна и надворешна употреба, заснована на Flextec технологија.**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- За сите материјали (освен за PE, PP, PTFE, PMMA и акрилно стакло)
- За сите временски услови
- Лепи и на мокри површини
- Отпорен на UV зраци и сончеви зраци
- Може да се бои
- Не губи волумен при стврднување
- Бела, сива и кафена боја

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

FT 101 се препорачува за еластично заптивање и лепење:
- внатре и надвор
- споеви (вертикални и хоризонтални) пр. споеви помеѓу прозорци или врати и ѕид, за скали, балкони, тераси, природен камен (мермер, гранит)
- споеви што "работат" (вертикални и хоризонтални) пр. 11 фасади
- поставување (лепење и заптивање) прозорски окани, окапници, покривни летви, скали, плочи, фитинг и сл.
- лепење цокле, завршни летви, покривни летви, заштитни летви, метал, дрво, камен, префарбани елементи и сл.
- споеви во градинарство, споеви помеѓу прозорски оквири и ѕид.
- брусени споеви
- пополнување/заптивање пукнатини
- споеви во ветилациски и климатизациски инсталации
- споеви и шавови во метални и дрвени конструкции

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата за заптивање или лепење мора да биде чиста, баз маснотии, прашина или лабави делови и сува.




### ЗАПТИВАЊЕ

Ширината на споевите мора да одговара на способностите на растегнување на заптивната маса. Ширината на споевите мора да биде >10mm и <35 mm. Однос на ширина и дебелина мора да биде ~1:0,5. По подготовката на подлогата и споевите, поставете потпорен материјал (затворена шипка од PU пена) до потребна дебелина, според потребите на средството за грундирање. Кертриџот ставете го во пиштол за силикон и цврсто истиснете FT 101 во споевите, внимавајќи да биде во целосен контакт со ивиците на споевите. Избегнувајте создавање на меурчиња. FT 101 мора да се притисне цврсто на страничните ивици на споевите за да се обезбеди добра адхезија. За прецизни и уредни црти, мора да се користи заштитна леплива трака. Отстранете ја траката додека се формира површинската кожичка. Со сапуница може да се обезбеди совршено мазна површина пред стврднување на површинскиот слој.

## ПОТРОШУВАЧКА

| Ширина на спoeви | Длабочина на спoeви | Должина на спoeви / 280ml |
|---|---|---|
| 10mm | 10mm | ~3,0m |
| 15mm | 12-15mm | ~1,5m |
| 20mm | 17mm | ~0,9m |
| 25mm | 20mm | ~0,6m |
| 30mm | 25mm | ~0,4m |

## ЛЕПЕЊЕ

По подготовка на подлогата FT 101 нанесете го во пруги или точкасто на површината која се лепи, или на растојание од неколку сантиметри. Со притискање позиционирајте го елементот што се лепи. По потреба користете леплива трака, клин за држење на елементот за првите часови по нанесувањето. Неправилно наместен елемент може лесно да се одлепи и повторно да се залепи во првите минути по лепењето. Повторно притиснете. Оптимално лепење се постигнува по целосно стврднување на FT 101, односно после 24 до 48 часа на +23°за дебелина од 2 до 3мм.

## ВНИМАНИЕ

Оставете ја заптивната маса целосно да се стврдне (најмалку 24 часа), со тоа што бојата претходно сте ја испорбале. Еластични заптивни маси може да се премачкаат само ако премазот е во состојба да го следи растегнувањето на заптивната маса (ако растегнувањето е < 5%, во зависнот од премазот) - во спротивно може да се појават површински пукнатини во бојата. Во случај на спoeви со големо растегнување, премазот може да ги покрие ивиците на спoeвите до максимум 1мм. Се препорачува проверка на компатибилноста на премазот пред употреба. Не е погоден за спoeви изложени на воден притисок или спoeви под постојана вода - базени. Не користете го FT 101 за заптивање кади или лавабоа. Не користете го FT 101 како заптивна маса за застаклување, на битуменски подлоги или на градежен материјал кој може да испушти масло, пластификатор или растворувач кои можат да ја уништат заптивната маса. Поради изложување на хемикалии или високи температури може да се појави разлика во боја. Сепак примена на бои нема негативно влијание врз техничките својста или трајноста. Чувајте вон дофат на деца. Ослободува метанол при стврднување.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

**Не стврднат производ**

| | |
|---|---|
| База: | Flextec полимер |
| Мирис: | алкохол |
| Конзистенција: | нема собирање |
| Работна температура: | +5°C do +40°C |
| Вискозност: | ~ 1,4 g/ml |
| Отпорност на течење: | ~0 mm (ISO 7390) |
| Време на создавање на површински слој (23°C, 50% релативна влажност): | ~ 15 мин. |
| Време на стврднување (23°C, 50% релативна влажност, 20xl O mm): | ~2,5 mm/ден |
| Цврстина на почетно врзување: | ~1O $g/cm^2$ |

**Цврст производ**

| | |
|---|---|
| Мирис: | без мирис |
| Модул 100%: | ~0,68 $N/mm^2$(ISO 8339-A) |
| Цврстина на влакно: | ~ 1,0 $N/mm^2$(ISO 8339-A) |
| Прекинато издолжување: | ~ 250% (ISO 8339-A) |
| Прекинато издолжување: | ~ 400% (ISO 8339-A) |
| Еластичност: | ~ 85 % (ISO 7389-B) |
| Препорачана ширина на спoeви: | 10- 35 mm |
| Работна температура: | -40°C do +80°C |

## РОК НА ТРАЕЊЕ

Квалитетот на производот останува непроменет 12 месеци од датумот на производство ако се чува на ладно и суво место (помеѓу +10 °C и +25 °C) во неотворено пакување.

## ПАКУВАЊЕ

Пластичен кертриџ од 280мл.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа според Законот за одговорност за производот.



Henkel CEE
www.ceresit.mk